Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 септември 2024 година

Скопје, септември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 септември 2024 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и члeновите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Горан Трајковски, директор на Државниот пазарен инспекторат и Зоран Крстаноски, директор на Управата за имотно-правни работи.

Од седницата отсуствуваше м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и членовите на Владата Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство и м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на записниците од 8-та и 18-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 30 јули 2024 година и 6 септември 2024 година

1. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Агенцијата за квалитет во високото образование

2. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

3. Информација за извршени надзори по Одлуката на Владата за посебни услови на трговија на одделни стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.183/24)

4. Информација за учество на Делегацијата на Република Северна Македонија на Седумдесет и деветтото редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, со Предлог–платформа

5. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КО Центар 2)

6. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавната установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово (режиски трошоци)

7. Предлог-одлука за доделување на средства на Средното медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“, Скопје (режиски трошоци)

8. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес (режиски трошоци)

9. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“, Скопје (режиски трошоци)

10. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“, Кавадарци (режиски трошоци)

11. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци)

12. Предлог−одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Манифестација „Денови на Смилевскиот конгрес“-Смилево, Демир Хисар

13. Кадровски прашања

14. Прашања и предлози

15. Информација за подготовка на Нацрт-реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 10.9.2024 година и прилози

16. Информација за доставување на ажуриран придонес кон Извештајот на Европската комисија за 2024 година, со ажуриран придонес кон Извештајот

17. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CAMBRIAN PATROL 24“, во Обединетото Кралство

18. Информација во врска со покренат спор од страна на Енергетската заедница против Република Северна Македонија (Case ECS -21/24), со прилози

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, по скратена постапка

20. Предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, за Центарот за управување со кризи

*

*       *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2024 година  и Записникот од Осмнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 септември 2024 година

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Агенцијата за квалитет во високото образование.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 3**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за извршени надзори по Одлуката на Владата за посебни услови на трговија на одделни стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.183/24).

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија и труд до Министерството за финансии да достави пример за конкретна пресметка на маржа за трговијата со училишен прибор.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Делегацијата на Република Северна Македонија на Седумдесет и деветтото редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, со Предлог–платформа и заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за учество на Делегацијата на Република Северна Македонија на Седумдесет и деветтото редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.

2. Ја прифати Предлог - платформата за учество на Делегацијата на Република Северна Македонија на Седумдесет и деветтото редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КО Центар 2).

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Јавната установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово (режиски трошоци).

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Министерството.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Средното медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“, Скопје (режиски трошоци).

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Министерството.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес (режиски трошоци).

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Министерството.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“, Скопје (режиски трошоци).

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Министерството.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“, Кавадарци (режиски трошоци).

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Министерството.

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци).

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Министерството.

## Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Манифестација „Денови на Смилевскиот конгрес“-Смилево, Демир Хисар.

## Точка 13

1. Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

2. Владата го именува Аккан Махмут за национален координатор за туризам и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Ментор Зеќири, од должноста вршител на должноста директор на Фитосанитарна управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Владата го именува Игор Чоневски за вршител на должноста директор на Фитосанитарна управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, ги разреши:

претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата:
-Беким Муареми и
-Дејан Гаџовски,

претставник од општините на чие подрачје се наоѓа Националниот парк
-Александар Шуковски.

5.1. Владата за членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, ги именува:

претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата:
-Љупка Димоска Зајков и
-Јасмина Петковска,

претставник од општините на чие подрачје се наоѓа Националниот парк
-Јован Станојковиќ.

6. Владата од должноста претседател и членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, ги разреши:

а) од претседател:
-Николина Божиновска,

б) од членови:
-Гоце Јакимовски,
-Сиарта Ахмети и
-Неџип Ајдар.

6.1. Владата за претседател и членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, ги именува:

а) за претседател:
-Ило Ангелоски,

б) за членови:
-Шукри Елези,
-Јана Боздоганоска и
-Елена Трпеска.

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола, ги разреши:

претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата:
-Сашо Секуловски и
-Милева Тагасовска,

претставник од општините на чие подрачје се наоѓа Националниот парк
-Сеат Али.

7.1. Владата за членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Пелистер - Битола, ги именува:

претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата
-Касам Зеќири и
-Биљана Петкоска,

претставник од општините на чие подрачје се наоѓа на националниот парк
-Александар Шуковски.

8. Владата од должноста претседател и членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола, ги разреши:

а) од претседател:
-Денис Рашидовски

б) од членови:
-Арјан Мемети,
-Даниел Бошевски и
-Нермине Хајдаровска.

8.1. Владата за претседател и членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Пелистер – Битола, ги именува:

а) за претседател:
-Денис Рашидовски

б) за членови:
-Татјана Трајчевска,
-Биљана Деловска Спировска и
-Биљана Ивановска.

9. Владата го разреши Сретен Стојковски, од должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

10. Владата ја именува Ивана Гиновска, за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го разреши Блерим Укали, од должноста директор на Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

12. Владата го именува Аљи Сулимани, за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, орган во

состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата ја разреши Рената Младеновска, од должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерство за здравство.

14. Владата го именува Кирил Лазов, за вршител на должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерство за здравство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го разреши Горан Устијаноски, од должноста Капетан на Капетанијата на пристаништата, орган во состав на Министерство за транспорт.

16. Владата го именува Илија Арнаудоски за вршител на должноста Капетан на Капетанијата на пристаништата, орган во состав на Министерство за транспорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

## Точка 14

**1.** По повод укажувањето на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Владата ги задолжи сите министерства кои треба да направат измени на законите (секој од своја надлежност), согласно изменувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа, истите веднаш да ги достават до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Координативно тело за следење на спроведувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

**2.** Владата на барање на д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, заклучи Информацијата во врска со потребните задачи, активности и заклучоци кои треба да се преземат од страна на кабинетот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и Информацијата во врска со номинирање на Национален кординатор за имплементација на стратегијата за Роми 2022-2030 и Национална контакт точка за Роми и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на регионалната иницијатива за Интеграција на Роми 2020-2030, да се разгледаат на следната седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, што ќе се одржи на 13 септември 2024 година (петок) во 12:00 часот.

**3.** По повод повторното укажување на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и претставник на Владата кој учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Северна Македонија, во однос на законите кои се доставуваат во собраниска постапка, Владата заклучи министерствата да не практикуваат доставување на предлози на закони по скратена постапка.

**4.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2024 година, донесен по Точка 46 „Информација за потребата од донесување на Предлог на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид, заради склучување Анекс бр.7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид “, го прифати Барањето и заклучи точка 3 од истиот да се измени и да гласи:

„3. Се овластуваат Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и Коце Трајановски – вршител на должност директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр. 7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид бр. 08-9012/1 од 12.11.2013 година, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, по донесување на Законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево-Охрид („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/13, 134/17, 64/18, 168/18, 194/18 и 208/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/20, 285/21 и 76/24) и објавување на истиот во Службен весник на Република Северна Македонија.“.

**5.** Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев, ги информираше членовите на Владата, дека на наредната седница на Владата, ќе достави материјал за потешкотиите, со кои се соочуваат службите во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во секојдневната работа, во врска со постапувањето на институциите, по однос на материјалите кои се доставуваат за разгледување на седница на Генерален колегиум на државни секретари, на седниците на работните тела на Владата и на седниците на Владата, а првенствено се однесуваат на непочитување на одредбите од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија.

**6.** По повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, а во врска со текстовите на предлогот на закони доставени во Собранието на Република Северна Македонија, Владата заклучи да ги повлече од собраниска постапка следните предлози:

1) Предлогот на закон за изменување на Законот за културата, по скратена постапка, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2024 година.

2) Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година.

3) Предлогот на закон за изменување на Законот за биомедицински потпомогнато оплодување, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година.

4) Предлогот на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година.

5) Предлогот на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година.

6) Предлогот на закон за изменување на Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година.

7) Предлогот на закон за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година.

8) Предлогот на закон за изменување на Законот за ментално здравје, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година.

9) Предлогот на закон за изменување на Законот за континуирано стручно усовршување на докторите на медицина, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година.

10) Предлогот на закон за изменување на Законот за доброволно здравствено осигурување, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година.

11) Предлогот на закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година.

12) Предлогот на закон за прогласување на Студенчишко Блато за Парк на природата, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2022 година.

13) Предлогот на закон за прогласување на Охридско Езеро за споменик на природата, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 февруари 2024 година.

14) Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност (*), утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2024 година.

15) Предлогот на закон за парничната постапка, утврден на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година.

Исто така, се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за здравство и Министерството за култура и туризам, повлечените текстови на закони од собраниска постапка, доколку сметаат дека повторно треба да се разгледаат во Владина постапка, истите да ги достават на мислење до надлежните институции.

**7.** Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Иван Стоилковиќ, ги информираше членовите на Владата за Иницијативата поднесена од Државната комисија за спречување на корупцијата, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.91/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20) и укажа на потребата од координација во врска со ова прашање.

## <u>Точка 15</u>

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за подготовка на Нацрт-реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 10.9.2024 година и прилози.

## <u>Точка 16</u>

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на ажуриран придонес кон Извештајот на Европската комисија за 2024 година, со ажуриран придонес кон Извештајот и притоа ги усвои следниве заклучоци:

1. Го утврди ажурираниот придонес на Република Северна Македонија за напредокот од мај до август кон  Извештај на Европската комисија за 2024 година

2. Го задолжи Министерството за европски прашања, да го достави ажурираниот придонес на Република Северна Македонија за напредокот од мај до август 2024 година на англиски јазик до Европската комисија.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето на Министерството за финансии, кое дополнително ќе биде доставено.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CAMBRIAN PATROL 24“, во Обединетото Кралство и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CAMBRIAN PATROL 24“, во Обединетото Кралство, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со покренат спор од страна на Енергетската заедница против Република Северна Македонија (Case ECS -21/24), со прилози, ја усвои и го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од три дена, до Секретаријатот на Енергетската заедница да го достави одговорот на спорот против Република Северна Македонија (Case ECS -21/24).

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Зоран Крстаноски, директор на Управата за имотно - правни работи.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, за Центарот за управување со кризи (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:25 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**